13 -08- 2021

**До:Информативен центар**

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена со архивски број УПП-13/2021 на ден 27.04.2021 година од страна на поднесителот на предметната претставка Стојанча Краљевски со адреса на живеење „Мала Перинци", с.Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане, Ве замолуваме да го објавите исходот од првичното постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на Министерството за животна средина и просторно планирање на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

Со почит

**Изработил:** Виш соработник за постапување по претставки и предлози
Анета Михајловска

**Контролирал:**Раководител на Сектор за правни и општи работи
Билјана Тешева Георгиевска

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-13/2021
Дата. 13 -08- 2021

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр.УПП-13/2021 до подносителот Стојанча Краљевски со адреса на живеење во „Мала Перинца", с. Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане

Претставка заведена под архивски број УПП-13/2021 доставена од Стојанча Краљевски со адреса на живеење во „Мала Перинца", с. Младо Нагоричане, Општина Старо Нагоричане на ден 27.04.2021 година, во врска со пријава за Решение за одобрение за градба на објект за примарна обработка на земјоделски производи на К.П 10329 во К.О Младо Нагоричане м.в Дисанка од страна на општина Старо нагоричане.

Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на проследената претставка до Општина Старо Нагоричане чиешто предметно барање е од исклучива општинска надлежност, Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане Жаклина Јовановска се произнесе со следниот конечен исход од постапувањето:

- Одобрението за градење е издадено врз основа на добиено Решение со бр.УП1 41-32/2020 од 29.04.2020 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за изградба на помошни објекти, оранжерија, објекти за промоција на земјоделско земјиште издадено согласно ќлен 51-б од Законот за земјоделско земјиште и доставениот одобрен елаборат за заштита на животната средина изработен од м-р марјан Мијалков-експерт за оцена на влијанието на проектите врз живоsната средина кој е одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање –Управа за животна средина со Решение со број УП1-11/4-594/2020 од 07.08.2020 година.
- Во однос на спречувањето на загадувањата има изработено Елаборат за заштита на животната средина во која се опфатени сите аспекти кои може да доведат до загадување на животната средина и кои подлежат на констатен мониторинг од страна на инспектор за животна средина.
- Како законска обврска при издавањето на одобрение за градење врз основа на член 62-а од Законот за градење биле известени непосредните соседи на парцелата на која е добиено одобрение за градење.

**Државен советник за правни работи**

Тодор Ѓорговски

**Изработил:** Анета Михајловска
**Контролирал:** Билјана Тешева Горгиевска